MACEDONIA
2 0 2 5
Helping Build a Stronger Nation

# Достигнувања *2024*

## Клучни достигнувања

**840€ + илјади**
**Поддршка на македонската економија**

**1.680**
**Поддржани лидери и таленти**

**106**
**Поддржани бизниси**

**17**
**Сертифицирани експерти за дигитална трансформација**

2024 година беше многу важна година за нашата земја, нашата организација и нашата просперитетна иднина. Се гордееме со развивањето на реформскиот план „Една визија за забрзан раст", како продолжение на Платформата за просперитетна иднина на Македонија2025, која беше во центарот на нашите големи напори за прибирање финансиски средства во 2023 година.

Визијата беше споделена со сите засегнати страни, од граѓани до бизниси, креатори на политики и политички партии, со цел да се влијае и да се залага за значајни реформи кои ќе го поттикнат економскиот раст и подобрат животниот стандард. Значајно достигнување за Македонија2025 е тоа што 90% од предложените реформи се дел од Програмата за работа на Владата за 2024-2028 година.

Посветени сме на поддршката и во моментов ја поддржуваме Владата во спроведувањето на планираните реформи, со сите наши капацитети и потенцијал, со една цел: *да ја направиме Македонија најпросперитетна земја во регионот*, што се совпаѓа со мисијата на нашата организација.

### Визија

Нашата визија е Македонија да стане водечка економија и најпросперитетна земја во регионот.

### Мисија

Нашата мисија е да ја обликуваме иднината на Македонија преку промовирање одржлив економски раст кој ќе ги подобри можностите за граѓаните, компаниите и странските инвеститори.



*Географска дистрибуција на заедницата на Македонија2025*

## *Забрзување на растот и конкурентноста на македонските бизниси*




**13-тиот годишен Самит** на Македонија2025 поттикна раст и воспостави врски меѓу лидерите и бизнисите од регионот и светот. Ние:

- бевме домаќини на **50** говорници и **700+** учесници
- одржавме **30** B2B состаноци
- организиравме **3** настани за вмрежување како дел од Самитот
- одржавме **13** обуки и работилници со македонските бизниси.

**10** македонски ММСП добија експертска поддршка преку Програмата за претприемништво на семејството Битов во партнерство со Catalyste+, Канада.

**20** млади менаџери и сопственици на бизниси беа дел од висококвалитетна обука спроведена од Ајви Школата за бизнис, како дел од ЛИДЕР Проектот, проширувајќи ја алумни мрежата на 420+ учесници.

**400+** учесници беа дел од обуките, работилниците и вебинарите на Македонија2025 одржани во 2024 година, поттикнувајќи знаење и градење на капацитети.

**8** македонски бизниси соработуваа со експерти од целиот свет преку онлајн платформата Connect2MK.

Објавивме **10** аналитички извештаи на теми од значење за економскиот раст и деловното опкружување.

## *Забрзување на развојот на лидерството и поддршка на младите таленти*

**6** врвни македонски директори дополнително ги унапредија своите деловни вештини преку Програмата за извршни директори Зафировски, на Келог Факултетот за менаџмент.

**46** алумни на Зафировски програмата учествуваа во различни активности на Македонија2025, вклучително и менторство на млади таленти и подобрување на вештините на младите професионалци.

Доделивме **5** стипендии на македонски професионалци кои беа дел од Смит бизнис школата на Универзитетот Квинс во Кингстон, Канада, и учествуваа на обука за размена на работни искуства во врвни канадски компании.

**139** студенти добија стипендии преку „Атанас Близнакоф“ програмата за студентска извонредност, од кои **60%** се стекнаа со врсници-ментори.

**10** средношколци добија стипендија и ментор преку Фондот за поддршка на талентирани ученици „Таленти денес – лидери утре“.

**3** победнички тимови на натпреварот насловен „Најдобар бизнис концепт за зелени иновации 2024“ се стекнаа со на финансиската награда, благодарение на нашиот член на Одборот на директори, г. Крис Павловски.

**21** млади ученици, главно од социојално-ранливи категории, учествуваа на Охрид кампот за високотехнолошка извонредност.

Поддржавме **73** социјално ранливи деца да завршат обуки за развој на СТЕМ вештини.

Поттикнавме научно образование во основните училишта низ Македонија: обучивме **20+** наставници по природни науки, доставивме сетови за наука во **20** училишта и организиравме **5** саеми за наука на национално ниво, вклучувајќи **1200** ученици од основните училишта преку проектот „Науката и јас“ во партнерство со Џонсон Мети програмата за влијание на заедницата „Науката и јас“ .

## Градење силни партнерства и врски ширум светот

Собравме донации во износ од **550.000+** ЕУР, кои беа обезбедени на галата за прибирање средства во Чикаго, САД насловена „Патот до просперитет“.

Зголемена поддршка и проширување на кругот на пријатели: **2** нови членови се приклучија на Одборот на директори на Македонија2025 и **8** нови професионалци од дијаспората се приклучија на нашиот Клуб на Амбасадори.

Потпишани се **11** меморандуми за соработка со домашни и меѓународни невладини организации, академски институции и деловни организации.

Нашето ново партнерство со Фискалниот совет на С.Македонија ќе помогне во подобрувањето на макроекомонските политики и управувањето со јавните финансии.




Потпишавме договор за партнерство помеѓу Центарот за дигитална трансформација „ГоДигитал“, Македонска клириншка куќа (КИБС), ВИЗА Југоисточна Европа и швајцарскиот проект „Зголемување на пазарната вработливост“ за поттикнување дигитализација на македонските ММСП.

Нашата извршна директорка, персоналот и членовите на одборот учествуваа на **15** конференции, на теми од интерес на организацијата и земјата.

## Застапување за подобрување на македонската деловна средина

Нашата извршна директорка и членови на Одборот на директори учествуваа во пишани и ТВ медиуми, со **20** интервјуа и дебати, придонесувајќи за **740+** медиумски споменувања на Македонија2025 во 2024 година.

Подготвивме детална анализа и се заложивме за подобрување на условите за работа во секторот за лични услуги и услуги за домаќинства преку проект спроведен со **5** меѓународни партнери.

Започнавме проект во партнерство со **6** меѓународни истражувачки организации насочени кон промовирање на паметно договарање во услужниот сектор во Македонија и земјите од Централна и Источна Европа (ЦИЕ).

Подготвивме студија за Македонија насловена „Зелена дијагностика за вработување за праведна транзиција“, и организиравме работилница за презентирање на првичните наоди пред **20+** креатори на политики и синдикални лидери.

Нашиот реформски план „Една визија за забрзан раст“ се залагаше за реформи во областите на дигитализација, конкурентност на бизнисите и ангажман на дијаспората. Планот е речиси целосно вклучен во Програмата за работа на Владата за 2024-2028 година, а нашата организација ги става своите ресурси на располагање на Владата за спроведување на планираните реформски мерки.

Центарот за дигитална трансформација „ГоДигитал“, сертифицираше **17** експерти и имплементираше дигитални алатки во **9** компании со цел унапредување на дигиталната трансформација на македонските ММСП.

*Оваа година, Македонија2025 гордо ги предводеше иницијативите за напредок, лидерство и визија за забрзан раст преку реализација на 45 различни програми. Ги поддржавме бизнисите во нивниот извоз, зголемување на конкурентноста, продуктивноста и постигнување одржлив раст. Нашите стипендии и програми за извршни директори ја создаваа следната генерација лидери и таленти. Проширивме значајни образовни иницијативи, опремувајќи ги студентите со СТЕМ вештини и го поттикнавме процесот на дигитална трансформација кај македонските ММСП преку нашиот Центар за дигитална трансформација (ГоДигитал). 13-тиот годишен Самит ги собра глобалните лидери, инспирирајќи идеи за позитивни промени. Во текот на годината, останавме посветени на економскиот раст и зајакнувањето на врските меѓу дијаспората и Македонија, докажувајќи ја нашата визија за просперитетна иднина на нашата земја.*

*www.macedonia2025.com*

*105.000+ прегледи со над 25.000 активни корисници на нашата официјална веб-страница*
*29.600+ следбеници на сите социјалните мрежи*
38%  раст на публиката на нашиот онлајн бренд
12% раст на контактите